**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09-111
20.12.2023
Струмица

# СОУ „Јосиф Јосифовски “ Гевгелија

Конечен Извештај од извршена интегрална евалуација

| | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 18 до 20.12.2023 година |
| **Број на извештај:** | 10 / југоисточен регион/2023 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Ѓорги Митров |
| **Вид на училиштето:** | Средно стручно и гимназиско |
| **Подрачни училишта** | / |
| **Основач на училиштето:** | Општина Гевгелија |
| **Наставен јазик:** | Македонски |
| **Број на ученици:** | 663 |
| **Полова структура на ученици:** | 348 женски,315 машки |
| **Број на наставници:** | 69 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Русица Атанасова |
| **Директор на училиштето:** | Александар Делиџаков |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 08,09,10,12. 10. 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул.„Македонија“ бр.1 Гевгелија |
| **Телефон:** | 034 212 032 |
| **Факс:** | 034 212 032 |
| **e-mail:** | soujj@josifjosifovski.edu.mk |
| **Оценка ИЕ** | Добро 2,91 |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласност со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014 и 33/2015 I 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

# РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција од 18 до 20 декември 2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација за работата на СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија.

За време на тридневниот надзор инспекторите успеаја да ги спроведат сите планирани активности предвидени во Прирачникот за вршење на интегрална евалуација.

Целта на интегралната евалуација е да се оцени квалитетот и ефективноста на воспитно-образовниот процес во училиштето како и примената на законите, другите прописи и општи акти со кои е регулирано средното образование.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работењето во СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија е 2,91 **добро**[1]..

Воспитно - образовната работа во СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија се реализира според наставните планови и програми за гимназиско и стручно образование.

За гимназиско има-Општествено-хуманистичко подрачје: Комбинација А и Комбинација Б. и Природно-математичко подрачје : Комбинација А и Комбинација Б.

За стручно образование има -Угостителско-туристичка / Сектор угостителство и туризам, профил хотелско-туристички техничар, профил готвач, профил келнер.

-Машинска струка/ Сектор машинство, профил машински техничар за моторни возила, профил техничар за производно машинство, профил автомеханичар, профил заварувач.

-Економско правна и трговска струка/ Сектор економија, право и трговија, профил економски техничар и профил бизнис администратор.

-Медицинска струка/Сектор здравство и социјална заштита, профил физиотерапевтски техничар и профил гинеколошко акушерска сестра.

Во училиштето се применуваат наставни планови и програми за четиригодишно траење. Во училиштето воспитно-образовната работа се изведува според Наставните планови и програми донесени од Министерството за образование и наука. Воспитно-образовната работа за образовните профили во струки или група струки со четиригодишно траење се изведува и според насоките од Центар за стручно образование и обука при Министерството за образование и наука.

Во рамките на слободни часови се реализира програма од областа: Култура на здраво живеење (еко култура), Учење на работно место, Урбана култура и Екологија.

Изборната настава во училиштето е планирана и се реализира во Наставните планови за образовните профили од четиригодишно стручно образование. На учениците им е понудена листа од изборни предмети од кои избираат. Во постапката за избор на предмети вклучени се и родителите.

Практичната настава по струки и образовни профили се реализира во училиштето и надвор од училиштето во фирми, претпријатија и објекти. Професионалната и феријалната пракса се реализира согласно наставните планови и програми.

Согласно наставниот план и програма, во училиштето планирана е дополнителната и додатната настава. Дополнителната настава се реализира делумно, а додатната настава претежно се одржува само пред припрема на натпревари.

На класниот час од прва до четврта година е планирана и се реализира програмата за образование на животни вештини. Програмата ја реализираат класните раководители со поддршка на стручната служба.

Програмата за „Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем“.е изготвена според насоките од МОН. Дел од наставниците кои изразиле желба да интегрираат

---

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

еко-содржини во своите наставни предмети тоа го планирале и реализирале и се составен дел од Годишната програма на училиштето.

Во училиштето се реализира програма од проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ со планови со конкретни содржини и рокови за имплементација на истата.

За учениците со посебни образовни потреби се применуваат програми прилагодени на нивните можности и способности.

Донесените наставни планови и програми за наставните предмети кои се изучуваат во училиштето се реализираат од страна на училиштето.

Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик и се изведува во една смена. СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија располага со податоци за постигањата на учениците, по основ на возраст, пол и јазик на кој се изведува наставата. За постигнатите резултати на учениците училиштето - континуирано изготвува извештаи, анализи, информации. На одредено ниво се вршат анализи и истражувања при премин на учениците од основно во средно образование. Во извештаите се содржани показатели за постигањата на учениците со години station наназад, како и споредбена анализа за последните три учебни години.

Средниот – општ успех на училиштето за последните три учебни години изнесува: за учебна 2020/21 изнесува 4,13, за учебна 2021/22 изнесува 4,03, за учебна 2022/23 изнесува 4,08.

За реализација на наставните планови и програми поголемиот дел од наставниците имаат изработено долгорочни планирања (годишно планирање), среднорочни планирања (тематски, тематско-процесни) и краткорочни (оперативни планови за наставен час) кои се меѓусебно поврзани и со вградени содржини од подрачјата кои се од посебен инстерес за образованието, ЕКО содржини, користење на ИКТ во наставата. А еден мал дел на наставници не планираат. Освен за задолжителната настава, наставниците изготвуваат и планирања за дополнителната и додатната настава, класниот час, слободните часови, практичната настава.

Поголем број наставници во наставниот процес користат различни ресурси и разновидни наставни форми (индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка), методи и техники на интерактивна настава.

Поголем број наставници ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците при што поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста, потенцијалите и предзнаењата на учениците.

Наставниците во комуникацијата со учениците се однесуваат на начин што покажува прифаќање , почитување, соработка, толеранцуја, разбирање и доверба.

Наставните форми и методи (вклучувајќи ја употребата на ИКТ во наставата) што ги користат помал број од наставниците, не секогаш соодветствуваат на потребите на учениците и не ги опфаќаат сите стилови на учење. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група или со цела паралелка, но методите што ги користат не се секогаш соодветно избрани. Дел од наставниците главно користат исти приоди за сите ученици што не придонесува за развивање на индивидуалните вештини за учење на секој ученик.

Помал број наставници се трудат да ги поттикнат учениците да одговараат и да поставуваат суштински прашања поврзани со целите на наставната содржина, да превземат иницијатива, да ги споделат сопствените идеи, искуства, погледи во однос на содржината која се изучува.

Согласно планирањата наставниците користат информатичко комуникациска технологија во наставата.

Кај поголем број наставници се создава пријатно чувство и атмосфера за работа, позитивна работна атмосфера која продуцира успешна интеракција меѓу наставниците и учениците.

Помал број наставници користат различни методи и инструменти за оценување (метод на набљудување, односно секојдневно следење на постигањата на учениците, разговор, тестови, контролни задачи, писмени работи, извештаи, портфолио, чек листи), а поголем дел континуирано не го следат и оценуваат напредокот на учениците.

Во училиштето се води грижа за хигиената и здравјето на учениците како и севкупната грижа за учениците.

Во училштето владее позитивна клима на професионална соработка Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето помеѓу вработените се на добро ниво, со исклучок на неколку кои не соработуваат со раководните структури и стручната служба на училиштето.

Училиштето води политика на взаемно почитување и разбирање на сите инволвирани страни во воспитно-образовниот процес. Раководниот орган и поголем број наставници уживаат почит кај учениците и родителите и придонесуваат за афирмација на училиштето. Односите помегу наставниците, стручната служба и раководниот орган се добри, но потребно е подобрување на односите кај помал број од нив.

Советот на родители како една од битните форми на соработка помеѓу училиштето и родителите, во мала мера работи на ниво на паралелка, а на ниво на училиште ретко одржува состаноци.

Училиштето обезбедува прифаќање на учениците од регион Гевгелија и ученици од југоисточен плански регион.

Мерките што ги превзема училиштето за подобрување на постојната состојба се добри со цел надградување на постојните услови за да се создадат пријатни услови за реализирање на редовната и практичната наставата, за работа на наставниот кадар и учениците и за организирање вонаставни активности. Но во севкупното работење на училиштето се чувствува недостаток на материјални средства.

Училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење, а вработените се запознаени со финансиските активности на училиштето.

Со СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија управува Училишен одбор кој работи согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето.

Работата на Училишниот одбор е добра. Органот на раководење е нов со ВД мандат и ги исполнува законски и статутарно поставените услови. Раководниот орган има идеја за тоа што е добро за училиштето и донесува одговорни одлуки. Има професионален однос кон работата. Комуницира и раководи со вработените.

Директорот соработува со наставниците, родителите, учениците и локалната самоуправа. Преку заедничка активност на сите субјекти настојува да се обезбеди подобар квалитет во работењето.

Директорот има подршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето.

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија е општинско средно училиште кое се наоѓа во центарот на градот Гевгелија и е единствено средно училиште во општина Гевгелија.

Училишната зграда е изградена и пуштена во употреба 1978 година на дворна површина од 2377 м$^2$, асфалтирано спортско игралиште 1367 м$^2$. Училиштето располага со спортска сала со површина од 505 м$^2$, Училиштето располага со 47 училници, 11 кабинети, 5 канцелариски простори и библиотека. Има една работилница за секторот по машинство. Опремена библиотека со литература од сите жанрови. Училишна спортска сала располага со поголем број на спортски реквизити. Загревањето на сите простории на училиштето и училишната спотска сала е со централно греење со дизел гориво.

Училиштето има решение за верификација од МОН број 09-1872/1 од 12.07 1978 година . Училиштето е зведено во Централниот регистар под бр.31520230000187 од 21.08.2023 година.

За наставните планови и програми кои ги реализира училиштето ги има верификациите за гимназиски образование: 09-2456/1 од 15.05.2004 год.

За стручно образование под бр: 12-2153/2 од 29.03.2016 година; 11-11134/5 од 14.11.2014 година; 11-11134/6 од 14.11.2014 година; 13-45 од 27.04.2023, 13-46 од 27.04.2023 година.

Образовната политика на училиштето е предвидена со Годишната програма за работа за учебна 2023/24 година и истата е донесена со одлука на Училишен одбор заведена под бр.01-920/1 од 30.08.2023 година и усвоена од Советот на општина Гевгелија со Одлука бр.08-6532/1 од 20.09.2023 година.

Посебен документ за образовната политика е и донесената Програма за развој на училиштето (2022-2026 година) со деловоден број 01-918/1 од 30.09.2022 година. Во Програмата за развој јасно се определени целите и приоритетите за развој на училиштето. Тие се прецизни и јасни, а се фокусирани на подобрување на условите во училиштето и квалитетот на наставата.

Документот за извршената самоевалуација на работата на училиштето е заведен под број 01-1105/1 од 09.10. 2023 година.

Статутот на училиштето е донесен од Училишниот одбор со Одлука 02-387/1 од 23.04.2019 година.

Во последните неколку години во училиштето поставени се звучни изолации во 21 училница, направено е доопремување на кабинетот по послужување, угостителска сала со мебел, инвентар и пропратни елементи за салата. Направено е доопремување на кабинетот по готварство со користење на топла вода преку соларните системи за затоплување на водата. Набавен е нов канцелариски мебел за административните канцеларии.

Безбедноста во училиштето е подобрена со поставувањето на камери во ходниците и влезовите на училиштето и сопствено обезбедување на главната влезна врата. Наставата се изведува во една смена. Во настава зе вклучени 69 наставници. Вкупно во училиштето учат 663 ученика. Во училиштето се обезбедува превоз на ученици од 1 до 4 година средно образование.

Националниот состав на учениците е: 653 од македонска, 2 од турска националност, 1 ромска националност, 3 од српска националност и 3 ученика од албанска националност, 1 ученик од влашка националност.

Наставата се изведува на македонски наставен јазик истата ја реализираат 69 наставнци од кои: 2 со више и 60 со високо образование, 5 се магистри и 2 се доктори на науки. Помеѓу наведените 3 наставници се приправници. Стручната служба е составена од: педагог и психолог и библиотекар. Во однос на половата припадност 25 мажи и 44 жени, а во однос на етничката припадност, 68 се македонци, а 1 е од други националности. Во училиштето има 8 хигиеничари, 1 секретар, 1 хаусмајстор, 1 технички секретар и 1 чувар.

Во училиштето има регистрирано Училишен спортски клуб УСК „Јосиф Јосифовски“ со решение за регистрација бр.0805-50/151520220003441 од 03.10.2022 година кој е активен.

Наставниот кадар е со соодветно образование согласно нормативите, а има и тројца несоодветни наставници.

Севкупните услови за работа, човечкиот потенцијал, ветуваат дека училиштето има потенцијал за остварување на своите зацртани стратешки цели.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем. Содржините во поголем број наставни програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Во СОУ„Јосиф Јосифовски“- Гевгелија се реализираат наставни планови и програми за следниве профили:

- Гимназиско образование: со наставни планови и програми од прва до четврта година и тоа: природно-математичко подрачје со комбинација А и Б и општествено–хуманистичко подрачје со комбинација А и Б;
- Економско правна и трговска струка/сектор: Економија, право и трговија со образовни профили: економски техничар и бизнис администратор (4 степен);
- Угостителско-туристичка струка/сектор: Угостителство и туризам со образовни профили: хотелско туристички техничар (4 степен), готвач ( 3 степен) и келнер ( 3 степен);
- Машинска струка/сектор: Машинство со образовни профили: машински техничар за моторни возила ( 4 степен) и профили од трет степен: автомеханичар и заварувач;
- Здравствена струка/сектор: Здравство и социјална заштита со образовни профили: физиотерапевтски техничар и гинеколошко акушерска сестра ( 4 степен).

Училиштето ги информира родителите за наставните планови и програми кои се реализираат на родителски состаноци на почетокот на учебната година, а учениците се запознаваат со целите на наставните планови и програми преку наставниците на почетокот на учебната година.

Во рамките на редовната настава во училиштето вклучени се 5 ученика со наод и мислење односно категоризирани како ученици со посебни образовни потреби од страна на соодветни здравствени установи. Од страна на стручната служба, предметните наставници и класните раководители идентификувани се и 8 ученика со проблеми и потешкотии во учењето. Стручната служба на училиштето во соработка со наставниците и родителите има изготвено план за тоа како ќе се одвива поддршката на учениците од страна на наставниците кај кои има инклузирано ученици со посебни образовни потреби по преходно добиена согласност од страна на родител/старател на ученик со посебни образовни потреби. На ниво на училиште е формиран Училишен инклузивен тим со Решение бр. 02-1032/1 од 12.9.2023 год. од директорот на училиштето. Училиштето има интерна процедура за изготвување на индивидуални образовни планови за дел од наставните програми со учество на стручната служба во училиштето.

Изборните програми се застапени и во гимназиското и во стручното образование. Во средно стручно образование почнувајќи од трета година, а во гимназиското образование од втора година. Во втора година гимназиско образование секој ученик бира еден изборен предмет од листата на изборни предмети: информатичка технологија, латински јазик, елементарна алгебра и геометрија, говорење и пишување и етика. Во трета година изборните предмети од гимназиското образование се групирани во две изборни подрачја: природно – математичко подрачје А и Б и општествено – хуманистичко подрачје со комбинација А и Б, а изборот на изборните предмети се прави при уписот на учениците во прва година преку изборот на одредено подрачје.

Во средното стручно образование пред завршувањето на втора година, учениците се определуваат за наставни предмети од изборни модули кои ги изучуваат во трета и четврта година. Понудена е листа од изборни модули за секоја струка од кои секој модул е застапен со одреден број на предмети во трета и во четврта година.

Изборни модули кои ги нуди училиштето на учениците од Економско правна и трговска струка: Мегународно јавно право (наставни предмети: Меѓународни организации во трета година и право на ЕУ во четврта година); Деловна економија ( наставни предмети: Менаџмент во трета година и Промоција и односи со јавност во четврта година); Јавни служби( наставни предмети: Адвокатско работење и медијација во трета година и Нотарско и извршителско работење во четврта година); Втор странски јазик ( наставен предмет: Втор странски јазик во трета и четврта година); Математика(наставен предмет :математика во трета и четврта година); Сметководство (

наставни предмети : Буџетско сметководство во трета година и Сметководство на менаџмент во четврта година); Маркетинг( наставни предмети: Однесување на потрошувачите во трета година и Интегрирани маркетинг комуникации во четвтра година); Комерцијално работење( наставни предмети: Управување со производ во трета година и Меѓународни трговски трансакции во четврта година); Банкарство и осигурување ( наставни предмети: Лични финансии во трета година и Осигурување во четврта година); Пазар на капитал ( наставни предмети: Основи на пазарот на капитал во трета година и Работење со финансиски инструменти на пазарот на капитал во четврта година); Втор странски јазик( наставен предмет: Втор странски јазик во трета и четврта година); Математика ( наставен предмет: Математика во трета и четврта година).

Изборни модули кои ги нуди училиштето на учениците од Угостителско-туристичка струка: Анимации и настани во туризмот и угостителството ( наставни предмети: Анимации во туризмот и Спа и Велнес во трета година, Туристичко водење и Менаџмент на настани во четврта година); Одржлив развој на туризмот ( наставен предмет: Одржлив развој на туризмот во четврта година); Послужување и готварство ( наставни предмети: Основи на угостителското послужување во 3 година и Основи на готварство во четврта година); Општообразовен изборен модул( наставен предмет: Математика во трета и четврта година).

Изборни модули кои ги нуди училиштето на учениците од машинска струка:Општо образовен модул: Математика (наставни предмети: Математика и Физика во во трета и четврта година); Енергетска ефикасност( наставни предмети: Енергетска ефикасност и Системи за греење, вентилација и климатизација во четврта година и Обновливи извори на енергија во трета година); Организација на работата( наставни предмети: Бизнис и претприемништво во четврта година и Организациско однесување во трета година); Современи системи кај моторните возила ( наставни предмети: Современи системи за безбеднoост на моторните возила во четврта година и Уреди и опрема кај моторните возила во трета година).

Изборни модули кои ги нуди училиштето на учениците од здравствена струка: Ургентни состојби и применета физикална терапија ( наставни предмети: Итни медицински состојби во трета година и Физикална терапија во козметологијата четврта година); Општо-образовен модул ( наставни предмети: Биологија, Физика и Хемија во трета и четврта година и Информатика во трета година ); Бизнис и претприемништво ( наставен предмет: Бизнис и претприемништво во четврта година); Нега во неонатологија и патолошка бременост( наставни предмети: Патолошка бременост во трета година и Неонатолошка нега во четврта година).

Во постапката за избор на изборни модули вклучени се и родителите и учениците.

Проектните активности претставуваат посебно подрачје во структурата на наставниот план на гимназиско образование за задоволување на индивидуалните интереси и желби на учениците во одделни области. Иако проектните активности се по слободен избор на учениците сепак истите ги програмира училиштето, односно наставниците, не секогаш по слободен избор на учениците. Учеството и соработката на учениците во програмирањето е помало. Секој ученик мора да реализира една или две проектни активности во зависност од фондот на часовите. Одговорниот наставник води посебна евиденција за реализацијата на проектните активности и прави извештај-досие за секој ученик. За секоја проектна активност ученикот изработува портфолио во кое се евидентира видот на проектната активност, времето и местото на нејзината реализација.

Во учебната 2023/2024 година проектните активности се планирани да се реализираат во текот на целата наставна годинина и тоа во пралелките од гимназиското образование. Учениците бираат по две проектни активности со по два часа или вкупно ќе бидат реализирани 70 часа од следниве области:природни науки, класични и странски јазици , литературни клубови и драмски секции, активности од областа на музиката, подрачја од мир, толеранција и заштита, подрачја од граѓанска култура, урбана култура.

Слободните часови на училиштето се посебно подрачје во наставните планови за четиригодишно стручно образование. Со реформите во стручното образование се воведени и содржини програмирани од страна на училиштето кои имаат слична цел како и слободните часови на училиштето. Целта е да ги задоволат индивидуалните потреби на дел од учениците кои доброволно се определуваат за нив за стекнување, проширување и продлабочување на своите знаења, развивање на способности, вештини и изградување на сопствени ставови. Содржините програмирани од училиштето се застапени со 72 часа во прва, втора и трета година и со 66 часа во четврта година. Оваа учебна година во стручното образование се реализираат содржини

програмирани од училиштето кај 16 паралелки од стручно образование каде што е планирано да бидат реализирани по 72 часа во секоја паралелка од прва до трета година и по 66 часа во четврта година од следниве области:

Здравствена струка: Светско наследство во рацете на младите ;Планирање на кариера во втора година и Ученичка компанија во трета година.

Угостителско-туристичка струка: Светско наследство во рацете на младите во прва година ; Планирање на кариера во втора година ; Планирање на кариера во трета година; Презентациски вештини.

Машинска струка : Светско наследство во рацете на младите; Планирање на кариера во втора година ; Ученичка компанија во трета година; Презентациски вештини во четврта година;

Економска струка: Светско наследство во рацете на младите; Планирање на кариера во втора година; Ученичка компанија во трета година; Презентациски вештини во четврта година.

Практичната настава во училиштето се реализира паралелно со стручно теоретската настава и има за цел да ги оспособи учениците за извршување на определени работи и работни задачи: почитување и применување на правилата на однесување на работното место, примена на теоретско и стручно образование во практиката, примена на приборот и разни технички средства и помагала и материјали. Практичната настава со учениците од втора, трета и четврта година од хотелско-туристичка струка, здравствена струка, машинска струка, економска струка се реализира со 35 компании од Општина Гевгелија и соседните општини: Валандово и Дојран. Секој ученик за време на летниот распуст реализира феријална практика, додека програмата учење преку работа се реализира во компаниите со склучување на договор меѓу работодавачот, директорот на училиштето и родител/старател на ученикот. Секој ученик добива потврда за реализирана основна обука за безбедност и здравје при работа, добива дневник за учење преку работа кај работодавач каде се пополнуват сите активности и се врши евиденција за стекнатите компентенции. Оценувањето се врши врз основа на податоците од дневникот и истиот преставува континуиран процес.

Согласно наставниот план и програма, во училиштето планирана е и дополнителна и додатна настава која кај дел од наставниците не се реализира согласно изготвен распоред, план и динамика. Во училиштето се планира програмата Образование за животни вештини каде на класните часови дел од наставниците ја реализираат програмата преку спроведување активности, предавања и работилници со учениците со поддршка на стручната служба.

Програмата „Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен форум“ е изготвена според насоките на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, наставниците имаат интегрирано еко-содржини во своите наставни предмети и истите ги реализираат. Носител на овие активности е Еко-одборот во кој се вклучени заедно наставниците, стручните соработници и учениците кои заедно помогнати од директорот видливо ги имплементирале планирањата на еко-содржините од четирите еко стандарди .

Во СОУ„Јосиф Јосифовски“ Гевгелија се реализира програма од проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“. Партнер училиште е СОУ„Арсениј Јовков“ Скопје каде двете училишта во изминатите години спроведуваат заеднички активности на мултикултурни и интеркуплтурни работилници, работилници за демократска партиципација, човекови права, права на детето и мировно образование, заедничка активност во изработка на мурал на училишните ходници , како и работилници за подигање на еколошката свест кај младите за заштита на животната средина. Голем дел од наставниците ги интегрираат содржините од меѓуетничка интеграција во образованието во своите годишни програми, а вклученоста на родителите и претставниците од локалната самоуправа е на добро ниво. За секоја учебна година тимот на МИО изготвува план на активности и на крајот на учебната година доставува Извештај од реализираните активности и проекти.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Родовата и етничката застапеност се целосно рамноправни при реализацијата на наставните програми и воннаставните активности во училиштето. Во училиштето во изминатите три учебни години запишани се ученици од следната етничка припадност : во 2021/2022 година бројот на

македонци бил 670 , бројот на срби 6, имало 4 турци, бошњаци 2 и други 1 ; во 2022/23 учебна година бројот на македонци изнесувал 623 , од кои 3 ученици турци и 4 срби; во 2023/24 учебна година: 653 македонци, 2 турци, 3 албанци, 1 ром, 1 влав и 3 срби.

Од разговорите со наставниците и стручните соработници се констатира дека наставните содржини поттикнуваат мултикултурна сензитивност, родова и етничка рамноправност меѓу учениците.

Наставните планови и програми, се прилагодени на карактеристиките на локалната средина.Учениците од стручното образование во текот на учебната година прават неколку посети на одделни јавни и приватни претпријатија и здравствени установи:ЈП „Национални шуми“, Општина Гевгелија , „Основен суд“ Гевгелија , „Сава осигурување“, „Макотен“ , „Конти-хидопласт“, „Видиа Ване“ Општа болница со проширена дејност Гевгелија, природно лекувалиште „Негорски Бањи“ Негорци со цел непоредно запознавање со можностите за нивно понатамошно кариерно и професионално орјентирање и оспособување за извршување на определени работни задачи во зависност од образовниот профил.

Влијанието на учениците, наставниците и родителите на наставните планови и програми е мало.Тие делумно влијаат врз начинот на реализација на наставните планови и програми со тоа што учествуваат во изборот на изборни предмети, во договорите за феријална практика, во договорите за екскурзии, посети на изложби. На квалитетот на организирањето и реализирањето на наставните програми негативно влијае недостигот на учебници во сите профили на стручното образование.

Училиштето на ниво на стручни активи, наставнички совет, разгледува мислења за наставните планови и програми, посебно за стручно образование, но нема се обратено до Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование со сугестии и барања за одредени промени во наставните планови и програми. Нивно видување е дека со дуалното образование доволно е отстапен простор за практична настава. Училиштето прави анализа на пазарот на трудот за можност за воведување на нови струки атрактивни за учениците.

Училиштето нема направено посебни истражувања, колку учениците се задоволни од наставните планови и програми, но бројот на запишани ученици во стручно образование го отсликува интересот кај учениците за образовните профили кои се изучуваат во верификуваните и понудени сектори, особено со воведувањето на дуалното образование и реализирањето на практичната работа во фирмите работа кај работодавач.

Училиштето има координатор за учење преку работа кој го изготвува планот за УПР, програмата, изготвува меморандуми со компании, соработува со локалната самоуправа, го анализира пазарот на трудот, соработува со Агенција за вработување на РС Македонија, ја организира целокупната практична настава, феријална практика и учење преку работа кај работодавач. Во континуитет ги следи, документира резултатите од сите видови учење преку работа.

## 1.3. Воннаставни активности

Со Годишната програма за работа на СОУ „Јосиф Јосифовски-Гевгелија за учебната 2023/2024 година заведена со дел.бр. 01-920/1 од 30.08.2023 година се планираат воннаставни активности кои се резултат на потребите и интересите на учениците. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што кои имаат за цел развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење.

Учениците се вклучуваат во изборот на воннаставните активности според сопствен избор. Во планирањето на работата на воннаставната активност постои добра соработка помеѓу учениците и одговорните наставници и учениците имаат важна улога во подготвувањето на програмите за работа на воннаставни активности. Во училиштето активно и успешно работи: литературната, драмската група „Дон Кихот“ и „Титанија“, новинарската секција, ‚мултимедијалниот клуб „Јоска“ каде учениците имаат можност да се запознаат со предуизвиците на медуимската писменост, лажните и вистински информации, билингвалната секција, секцијата по спорт, ликовната, училиштниот хот , млади физичари, хемичари и биолози.

Учениците работат на проекти и покренуваат иницијативи од еколошка природа и работи согласно еко-стандарди, учествува во многубројни еколошки активности: „Ден без автомобили“, „Ден на планетата Земја“, „Ација за пошумување на непосредна околина на градот“, многубројни едукации за справување со елекртонски и електричен отпад, активности во рамки на програмата GLOBE, како и конкурси по повод подигање на свеста за здрава еколошка средина, но досега училиштето се нема стекнато со назив зелено училиште.

Училиштето во соработка со здравствени установи од општина Гевгелија и стручни лица од областа на здравството, како и наставен кадар од училиштето организира работилници за подигање на свеста за правилен и здрав развој на младата личност, улогата и значењето на планинарството и велосипедизмот како важна физичка активност за подобро здравје. Во училиштето активно учество зазема организацијата на млади активисти- членови на Црвен крст при СОУ„Јосиф Јосифовски“ Гевгелија во која директно учество имаат учениците. Во својата програма за работа предвидени се разновидни активности на учениците во соработка со Црвениот крст на општина Гевгелија и тоа: крводарителска акција, едукативни предавања на тема: „Врсничко насилство“, „Менталното здравје и нарушување на менталното здравје“, „Не вози ако пиеш“, Заштита од полово преносливи болести“ и „Информирај се и донеси одлука – Борба против болести на зависност“, одбележување на „Ден на здравјето“, „Светски ден на дијабетот“, „Борба против сидата“, Вежба за давање на прва помош, работилници за меѓуврсничко насилство како и други активности при одбележување на значајни датуми во општината и државата.

Заедницата на учениците на ниво на училиштето работи според планираните активности и задачи кои се однесуваат на целокупниот училиштен живот, учества во манифестации и реализација на хуманитарни настани, активна соработка со Црвен крст и еко-акции. Работата на ученичката заедница и на ниво на паралелка е на добро ниво, воспоставена е добра координација со средношколската заедницата на ниво на училиште. Училишната заедница има изготвено Програма за работа со планирани активности со дел.бр. 02-140/1 со точно определена временска рамка на реализација.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и голем број од наставниците учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Бројот на вклучени ученици од СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија на ученички натпревари и постигнатите резултати на истите се добри. Во последните три учебни година учествувано е освоени се места од сите нивоа на натпревари: меѓународни натпревари по класични јазици, математика, меѓунареоден фестивал на уметностите „Утринска ѕвезда“ Бугарија ; државни натпревари по предметите: математика, ликовно образование, македонски јазик и литература, биологија, спорт и спортски активности( атлетика) , филозофија, хемија, стручни предмети од угостителско-туристичката струка, машинската струка; регионални натпревари по предметите: биологија, математика, физика, англиски јазик, хемија, географија, спорт и спортски активности,македонски јазик и литература, активности преку Федерацијата на училишни спортови на Македонија, активности преку МАССУМ ( најдобра драмска претстава, маркетиг план, интервју за работа на македонски и на англиски јазик , видео реклама, модна ревија, изработка на најдобар штанд, изработка на постер, изработка на фотографија, кошарка, најдобар кошаркар, најдобар тенисер, учесник во пинг-понг). Учениците активно и континуирано учествуваат и постигнуваат резултати и на спортски натпревари, распишани конкурси на општинско, регионално и државно ниво.

Промовирањето на постигнатите резултати од ученичките натпревари и сите останати активности на учениците во училиштето во локалната средина во државата и надвор од неа училиштето го прави преку веб страна на училиштето www.josifjosifovski.edu.mk, училишштниот весник, социјалните мрежи, преку веб-страната на општината, локални медиуми преку посебни денови за промоција и доделување на признанија и пофалници на ученици и нивни ментори како и на заеднички родителски средби. Училиштето планира реализација на ученички екскурзии како една од формите на вонаставна активност. Во Годишната програма за работа на училиштето опфатен е планот и содржините на училишните екскурзии и изготвена е Програма за екскурзии. Во програмата за екскурзии планирана е шестдневна завршна екскурзија во месец Јуни со ученици од трета година надвор од републиката како и еднодневни екскурзии во регионот и републиката. Постапката за изведување на повеќедневната екскурзија е водена согласно Правилникот за

изведување екскурзии во средните училишта и од Советот на родители во училиштето. Родителите се целосно вклучени во организацијата и изборот на агенцијата за екскурзија.

Училиштето има регистрирано Училишен спортски клуб „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија ,со Решение бр. 0805-50/151520220003441 од 3.10.2022 г. од страна на Централен регистар на РС Македонија. Училишниот спортски клуб работи активно со своја Програма за работа и истиот е вклучен во системите на натпревари кои ги организира Федерацијата на училишни спортови на Република Македонија (ракомет, мал фудбал, кошарка, одбојка, пинг-понг, атлетски напревари , велосипедизам , шах , планинарње). За секој спорт има одговорен наставник кој работи со учениците на клубот, активно работат и редовно учествуваат на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари.

# 2. Постигања на учениците

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците и презема активности за нивно подобрување. Педагошко-психолошката служба изготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи, споредбени анализи, во кои се дадени детални податоци за постигањата на учениците според пол, етничка припадност, наставни предмети, образовни профили, државна матура, училишна матура, завршен испит, користејќи табели и графикони.

Од споредбените анализи може да се констатира дека средниот успех на учениците, во последните три учебни години на ниво на училиште изнесува: за учебната 2020/2021 година – 4,13 за учебната 2021/2022 година 4,03 и за учебната 2022/2023 година – 4,08 Училиштето има програма за идентификување на талентирани и надарени ученици. Преку додатна настава и воннаставните активности учениците постигнуваат значајни резултати на регионално, државно и меѓународно ниво. Училиштето треба да го развива системот за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби. Во учебната 2022/2023 година учениците пројавуваат интерес за реализација на дополнителна настава поради пропустите од online наставата во учебната 2020/2021 година. Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Училиштето има формирано инклузивен тим за поддршка на ученицит со посебни обрзовни потреби и категоризирани ученици со попреченост.

Училиштето им овозможува на учениците премин од еден во друг образовен профил од иста или сродна струка и продолжување на образованието на повисоко ниво.

Во училиштето наставата се одвива на македонски јазик и најмногубројни се македонците и тоа: во учебната 2023/24 година запишани се 663 ученика од кои од македонска националност 653, од турска националност се 2 ученика , 3 ученика српска од 1 ромска националност и 3 од албанска националност и 1 ученик од влашка националност..Изминатите учебни години бројнта состојба на учениците во оваа училиште е во опаѓање. Училиштето овозможува соработка со друѓи училишта со различни националности, како би разменувале позитивни практики и би биле промотори на мирот, соживотот, меѓусебното запознавање и почитување на културното наследство и традиција. За остваруање на овие цели доста им помага вклученоста на училиштето во одредени проекти: „Проект за меѓуетничка интеграција во образованието“ и проекти од „Програма ЕРАЗМУС ПЛУС“. Во рамките на овие проекти се реализирани повеќе активности со цел јакнење на мултикултурализмор, запознавање на различни култури, обичаи, традиции како и јакнење на дигитални вештини на учениците преку размена на искуства со други училишта во Македонија и странство.

## 2.2 Задржување и осипување на ученици

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од Општината и соседните општини, како и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Има изградено политика на опфат на ученици, при што презема различни активности, како на пример, посета и презентација на училиштето во основните училишта со флаери кои содржат информации за училиштето, соодветна кампања преку локалните медиуми, изготвување на видео клип за училиштето. Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуствата на учениците од наставата и превзема активности за намалување на изостаноци. Просечниот број на неоправдани изостаноци на ниво на училиште просечно по ученик изнесува: во учебната 2020/2021 година изнесува 16,6 по ученик,од кои 13,7 оправдани и 2.9 неоправдани изостаноци, во 2021/2022 година изнесува 42,5 по ученик,од кои 38,7 оправдани и 3.8 неоправдани изостаноци по ученик и во 2022/2023 година изнесува 48,.1 изостаноци по ученик од кои 43,.6 оправдани и 4.5 неоправдани по ученик.. Податоците од споредбената анализа во извештајот учебна 2020/21 година покажуваат дека најголем број од учениците се со примерно поведение од вкупно 660 ученика 637 се со примерно 23 ученика се со намалено поведение. Во учебната 2021/22 година од вкупно 655 ученик, 601 се со примерно поведение, а 54 ученика се со

намалено поведение. Во учебната 2022/23 година од вкупно 663 деца, 85 ученика се со намалено поведение, а 578 се со примерно поведение.

Училиштето 2020/21 учебна година реализирало вкупно 46 индивидуални советувања на родители, во учебната 2021/22 реализирало 62 индивидуални советуваа на родители и учебната 2022/23 реализирало 89 индивидуални советувања на родители. Психологот во училиштето ги реализира советувањата на родителите за што води уредна документација.

Во учебната 2020/21 година има ученици кои биле упатени на полагање со една или две слаби, 6 ученици кои биле упатени на класен испит. Во учебната 2021/22 година 15 ученика биле упатени на полагање со една или две слаби, а 10 ученика биле упатени да полагаат класен испит. Во учебната 2022/23 година 21 ученика бил упатен на на полагање со една или две слаби, а 13 ученика биле упатени на класен испит.

Училиштето го следи и осипувањето на учениците. Осипувањето е присутно кај учениците поради иселување во странство. Се преземаат активности од страна на стручната служба и класните раководители за воочување на причините за осипување и можностите за останување во училиштето, преку индивидуални разговори со родителите и самите ученици.

Училиштето ја почитува постапката при премин од едно училиште во друго.

## 2.3 Повторување на ученици

Во учебната 2020/2021 година нема ученици кои ја повторувале годината, во учебната 2021/22 година 1 ученик ја повторувале годината, а во учебната 2022/23 година и 2ма ученици кои ја повторувале годината.

Секој ученик кој ја повторува годината има право да поднесе жалба и приговор до Наставнички совет согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирање на наставниците

За реализација на наставните планови и програми по наставни предмети наставниците имаат изработено долгорочни планирања (годишно планирање), среднорочни планирања (тематски, тематско-процесни и сл.) и кратокорочни (оперативни планови за наставен час). Тие се меѓусебно поврзани и со вградени содржини од подрачјата кои се од посебен инстерес за образованието. Пример: меѓуетничка интеграција во образованието, ЕКО содржини, користење на ИКТ во наставата и др. Освен за задолжителната настава, наставниците изготвуваат и планирања за дополнителната и додатната настава, родителски средби, класниот час, слободните ученички активности, практичната настава, феријалната пракса, проектните активности, слободните часови. Но сепак има неколку наставника кои не ја планираат наставата согласно законските и подзаконските акти.

За учениците со посебни потреби кои се вклучени во редовната настава, училиштето има формирано инклузивен тим од пет члена и програма за работа на инклузивниот тим (дел.бр 02-1032/1 од 12.09.2023 година) во која се вклучени стручната служба, директор, наставници. Училиштето нема формирано индивидуални инклузивни тимови во кои покрај стручниот тим, класниот раководител ќе биде вклучен и родителот на ученикот со посебни образовни потреби за изработка на индивидуалниот образовен план.

Од тука произлегува и нефункционалноста на изработените индивидуални планови кај дел од учениците кои не се применуваат целосно.

Поддршка при изработувањето на овие програми наставниците имаат од стручната служба на училиштето. Наставата по сите видови на настава се одвива по однапред изготвени распореди.

За поефикасно планирање на наставните содржини со (МИО, ЕКО, ИКТ ) училиштето им дава поддршка на наставниците преку информирање за законските обврски, новини и измени во делот на планирањето, им обезбедува учество на организирани семинари и обуки од БРО и други организатори, просторни и материјални услови (фотокопир, компјутер, принтер, хартија), наставни планови и програми и друга прирачна литература која им е потребна за планирање на наставните содржини. Поддршка при планирањето наставниците добиваат и од страна на стручната служба и директорот на училиштето.

Планирањата на наставниците содржат идентификациски податоци (име на училиштето, име и презиме на наставникот, наставен предмет/датум на реализација на часот, паралелка и во која се реализира часот). Оперативните планови кај поголем број наставници содржат: наставна тема, наставна содржина, цел на часот, очекувани резултати, наставни средства, активности на наставникот, активности на учениците, а во зависност од целите на часот ИКТ, домашни работи, планирани диференцирани активности, инструменти за оценување, евалуација на часот и сл. Наставниците планираат користење на нагледни средства и материјали од училиштето.

Во рамките на класниот час планирани се и се реализираат содржини од МИО.

Наставниците изготвуваат планирања за реализација на дополнителна и додатна настава според резултатите и потребите на учениците, но не сите ги користат во процесот на настава.

Од помал број наставници за вреднувањето на учениците се планира примена на повеќе инструменти, (наставни ливчиња, тестови на знаеања, чек листи, истражувања и проектни задачи и друго).

За поефикасно планирање наставниците вршат размена на искуства и информации за планирањата преку консултации на состаноци со колегите на стручен актив од соодветни и сродни предмети каде се усогласуваат начините на изготвување на планирањата и корелацијата помеѓу содржини и предмети.

Здобиените искуства наставниците ги разменуваат со наставници од други училишта во општината и пошироко.

Планирањата на наставниците се следат од страна на стручната служба на училиштето во текот на учебната година како и преку извршената посета на час од директорот и стручната служба на

училиштето, најмалку двапати годишно при што на наставниците им се укажува на слабостите и им се даваат сугестии за подобрување на истите.

### 3.2. Наставен процес

Во наставниот процес поголем број од наставниците се трудат и користат разновидни форми и методи во реализацијата на наставата. Во зависност од карактерот на содржините применуваат работа во групи, во парови, индивидуална работа, вежби, практични активности, користење на ресурси, со примена на постојните нагледни средства и помагала.

При релизацијата на наставните содржини појдовни се целите и задачите предвидени со наставната програма. Зависно од способностите на учениците, наставниците ги прилагодуваат барањата, но сепак настојуваат да се постигне потребниот минимум за учениците кои потешко напредуваат. За оние кои можат да совладат продлабочени знаења, тие планираат посебни задачи и активности. Ги насочуваат на користење друга литература, или информации од интернет.

Помал број од наставниците се трудат и користат разни форми за интеракција со учениците (поставување прашања, водење дискусии, индивидуална настава, повратни информации и други методи) за поголема активност и мотивација за учество на учениците во процесот на учење. Помал дел од наставниците се трудат да им ги истакнуваат целите и очекувањата од наставата, критериумите за оценување, да градат доверба и почитување на личноста, а со тоа да придонесат за поголема активност од учениците.

Во наставата на четиригодишното стручно образование во училиштето застапени се слободни часови по предходно изготвена програма. За реализација на слободните часови училиштето има поднесено барање за согласност до Центарот за стручно образование за реализација на истата, а која е во функција на струките.

Практичната настава која е застапена во повеќето струки определен број часови се одвива во училиштето во работилници опремени со основните средства. По изготвен распоред учениците се упатуваат на практична настава во приватните фирми и во болницата во Гевгелија под надзор на професор. Училиштето има склучено договори помеѓу училиштето, фирмата, родител и ученик. Дел од родителите се искажаа дека по одредени предмети на практичната настава во фирмите, не секогаш е присутен наставник и побараа во иднина на практичната настава да бидат присутни сите наставници.

Се обавува феријална пракса во летниот период. Учениците се упатуваат во фирми по однапред изготвен распоред. За нивното присуство и работа се води евиденција во објектите.

Дополнителната и додатната настава и слободните активности се реализираат согласно јавно истакнатиот распоред во училиштето.

Стручната служба и директорот во своите планирања планираат најмалку две посети на наставници - наставни часови во едно полугодие. Имаат изготвено евидентен лист-инструмент за следење на наставен час. Се вршат консултации по посетениот час. Покрај забелешките се нагласуваат и позитивните согледувања како мотивација за продолжување со професионален, креативен и одговорен приод кон реализација на наставните задачи и цели.

Поголем број од наставниците во однесувањето кон учениците не прават разлика помеѓу учениците по пол, религиозна припадност, социјално потекло и етничка припадност, но има мал дел наставници кои не се однесуваат на овој начин. Оваа констатација ја делат и учениците од училиштето.

За да можат наставниците да ја применуваат информатичка комуникациската технологија во наставата, училиштето е опремено со компјутери во 10 училници, четири училници се опремени со интерактивна (SMART) табла. Во сите училници се поставени ЛЦД проектори. Во училиштето се поставени доволен број ТВ плазма приемници. Наведената ИКТ технологија е во функција.

Во своите планирања по наставни предмети наставниците имаат планирано наставни содржини за работа со ИКТ опрема и истите ги реализираат помал дел од наставниците. Најголем број од наставниците се обучени за работа со компјутери.

Училиштето секоја година ги одбележува позначајните дати од Еко-календарот со активности од јавен карактер (Денот без автомобили – велосипедизам, Засади ја својата иднина – Ден на дрвото, Ден на планетата Земја, трибини за обновливи извори на енергија, еко изработки и проекти на ученици за време на настани и настапи на училиштето од јавен карактер).

Во реализација на активностите најголемо учество имаат наставниците и учениците, додека родителите помалку учествуваат.

## 3.3. Искуства на учениците од учењето

Просториите во училиштето ги задоволуваат потребите за непречено изведување и реализација на редовната настава.

Поголем дел од училниците и другиот училиштен простор во училиштето претставува стимулативна средина за учење. Соработката помеѓу учениците и наставниците е добра. Учениците сметаат дека поголемиот број на наставници се отворени за соработка и давање помош.

Помал број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат. Се работи во групи и парови, активирање на пасивните ученици и вклучување на сите ученици во активностите за време на часот.

За организирање на дополнителна настава за учениците со понизок степен на знаења учениците се пожалија дека училишниот превоз им претставува проблем да останат седми и осми час. Организирањето на додатна настава за надарени и талентирани ученици за проширување на нивните знаења и нивно охрабрување за учество во натпревари, училиштето видно допринесува за подобрување на постигањата на учениците и подобрување на неговиот имиџ во средината во која опстојува.

Има мал дел наставници кои не постапуваат на таков начин и не ги вклучуваат сите ученици во активностите за време на часот. Дел од наставниците не вршат идентификација на учениците во поглед на нивните потреби, афинитети и не користат соодветни методи, средства за работа со овие ученици и не ги развиваат вештините за учење кај учениците.

## 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Идентификација на образовните потреби на учениците вршат наставниците во процесот на наставата преку секојдневно следење на учениците, нивните постигања, активности, решавање на задачи и проблеми поврзани со наставната содржина која се изучува. Недоволно се охрабруваат и поттикнуваат и послабите ученици да учат и да го достигнат својот максимум.

Поголем број од наставниците им ја обезбедуваат потребната помош на учениците да ги работат зададените задачи, да учествуваат во активности на часот, да користат ресурси според нивните потреби. Наставниците водат грижа за образовните потреби на учениците преку: додатна настава, преку темелно објаснување на материјалот, консултации во врска со наставниот процес (пример, државна матура), разговор за нивните амбиции, индивидуални разговори за разни теми, тестирања за професионална ориентација, тестирања за особини на личноста, разговори за проблеми од лична природа.

Во оценувањето не се користат различни техники и методи со што би ги мотивирале учениците да учат и да го постигнат својот максимум.

Во училниците и училишните простории се обезбедува и одржува здрава и чиста животна средина за учење. Учениците се изјаснија дека во училиштето хигиената е на потребното ниво.

## 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Проверувањето се врши според целите на наставната програма, преку усно, писмено проверување, но зависно од карактерот на наставниот предмет и преку проверка на изработки и практични изведби. Евидентирањето на постигањата се врши во класниот дневник, во информации и анализи на писмени проверки (тестови, контролни задачи, писмени, работи, извештаи, портфолио). Оценувањето се врши на основа на стандарди и критериуми за оценување изготвени од МОН по секој наставен предмет и според сопствен план на оценување. Според разликите во способностите на учениците, наставниците градат соодветен критериум на оценување кој треба да биде образложен и јасен за сите ученици и родители. Оценувањето се изведува преку усно и писмено проверување и вештините на учениците, потоа оценување на проекти, портфолио и извештаи, практична работа.

Учениците за своите постигања од наставниците добиваат усни и писмени повратни информации, со кои им се укажува на позитивните страни на нивното учење, но и на слабостите и начините како да ги надминат.

Помал број од наставниците се трудат и користат различни методи и инструменти за оценување (метод на набљудување, односно секојдневно следење на постигањата на учениците,разговор, тестови, контролни задачи,писмени работи, извештаи, портфолио, чек листи, практична работа) и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Кај дел од наставниците отсуствува секојдневното следење на постигањата на учениците и нивно евидентирање во евидентни листови. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Учениците и родителите се запознати како со стандардите и критериумите за оценување така и со кодексот на оценување на учениците.

Училиштето има изработено правилник и кодекс на оценување. Учеството на учениците во нивното изготвување е мало. Учениците за своите постигања од наставниците добиваат усни и писмени повратни информации со кои им се укажува на позитивните страни на нивното учење, но и на слабостите и начините како да ги надминат истите.

## 3.6. Известување за напредокот на учениците

Родителите се известуваат од училиштето за напредокот на своите деца. Поголем број од наставниците редовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентна и повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата на секој ученик посебно.

Родителите континуирано ги следаат постигањата на учениците преку организираните родителски средби, отворен ден во месецот, евидентниот лист по квартали, воведување на Е-дневникот, индивидуални средби и други форми. Во училиштето се води Е-дневникот при што родителите навреме се информирани и известени за напредувањето и редовноста на нивните деца. Родителите се известуваат и писмено за постигнатиот успех по наставни предмети на тромесечие, на крајот на прво полугодие и крајот на учебната година. Наставниците ги известуваат родителите за постигањата на нивните деца и преку пишани информации по изготвена домашна работа, писмена, контролни задачи и тестови и изработени проекти.

Училиштето соработува со родителите и секогаш е отворено да одговара на прашањата и интересирањата на родителите за напредокот на нивните деца.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупна грижа за учениците

СОУ„Јосиф Јосифовски“ Гевгелија има систематски приод за згрижување и заштита на учениците по сите основи. Континуирано се прават напори за надоградување на формите и методите, на индивидуален и заеднички пристап во работата со учениците, со родителите. Во училиштето се прават напори да се подобрат условите со опремување на кабинетите за практична примена на знаењата на учениците. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците. Во училиштето има еден кординатор-вработен во училиштето обучен за давање прва помош на ученици при несреќни случаи во училиштето, додека останатите наставници ја поминале обуката за давање на прва помош при несреќни случаи. Во училиштето се реализираат обуки од стручни лица за самозаштита и запознавање со неопходни техники за даваање прва помош и заштита при одредени ситуации.

Училиштето има донесено Правилник за постапување во случај на елементарна непогода, , како и Мислење од Дирекција за заштита и спасување . Училиштето последна вежба за симулации извршило 24.02.2023 година, додека во последните две години нема извршено вежба за симулација.На видни места има ознаки-стрелки со кои се определува поравецот на движење.

Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците и наставниците. Со кодексот на однесување се запознаени учениците, наставниците и родителите. Истиот е поставен во ходниците, училниците и истиот се почитува од страна на сите субјекти на кој се однесува.

Училиштето има програма и протокол, пишани документи во кои се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните, што се сметаат за психичко и физичко насилство, Правилник за заштита на децата од злоставување, занемарување, искористување и насилство. Во училиштето се евидентира секаков облик на насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците и се применуваат механизми за постапување и справување со појавата на различните облици на насилство. Вработените имаат знаење за процесот на заштита на детето. Тие внимателно им приоѓаат на потребите на децата, секогаш ги земаат предвид нивните права, приватност и достоинство. Училиштето ги запознава жртвите, родителите на жртвите и/или сведоците на насилство со процедурата за изрекување педагошки мерки и советувања на родители.

Училиштето континуитрано води превентивна политика кон пороците: пушење, консумирање алкохол и консумирање и дистрибуција на наркотични супстанци и истото се спроведува совесно во континуитет во текот на учебната година.Тоа значи дека во училиштето не се пуши (со исклучок на инцидентни случаи) не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се конзумира алкохол, не се употребуваат и дистрибуираат наркотични средства. Училиштето нема сознание дали учениците се безбедни од овие пороци по напуштањето на училиштето.

Во училиштето нема организирана исхрана на учениците. Учениците со храна се обезбедуваат од околните сендвичари и продавници. Училиштето нема целосен темелен увид во квалитетот на храната што учениците ја консумираат. Наставниците, стручната служба, компетентни родители понекогаш изготвуваат и презентираат материјали и организираат предавања за подигање на свеста кај учениците за здрава храна и здрав живот на младите.

Училиштето има пропишани процедури, Правилник . за поддршка и грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Училиштето ги вклучува соучениците во давањето помош и водењето грижа за децата со пречки во развојот/физичка попреченост. Пристапот во училиштето е целосно приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Во училиштето не постои посебен тоалет за ученици со физичка попреченост.

Училиштето има пропишани процедури и има развиен систем на идентификација, превзема активности за обезбедување материјални средства за учениците од социјална загрозеност на нивните семејства и ја следат наставата под исти услови како другите ученици и учествуваат во воннаставните активности.

Училишната зграда и ИКТ опремата е осигурана преку осигурителната компанија „Уника“- Скопје,. Вработените во училиштето се осигурани по сопствена желба преку осигурителна компанија „Еуролинк“-Скопје со Договор за осигурување. Учениците се 5осигурани во компанијата „Уника“-Скопје која ја избираат родителите осигурани се 224 ученика.

### 4.2. Здравје

Хигиената како важен услов за зачувуваање на здравјето на учениците редовно се одржува на завидно ниво, во целокупниот училишен простор. Ходниците и училниците се чистат три пати дневно, а санитарните јазли континуирано после секој час. За чистење се употребуваат неоксични средства, подот и мебелот се чистат секојдневно по завршувањето на часовите, а останатиот инвентар во училиштето, прозорците и вратите се чистат еднаш во текот на едно полугодие. Во училишните простории и тоалетите истакнати се упатства за одржување на хигиената во училишната зграда и пошироката природна и здрава средина. Училишниот двор е уреден со пригодни содржини, табли со еко-пораки за одржување на хигиената и животната средина и околина. Континуирано се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училиштето.

Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти во секое време од денот.

Во услови на пандемијата Covid -19, училиштето воспоставило дополнителни процедури за грижа на здравјето на сите ученици и вработени со обезбедени маски за сите ученици и вработени и доволен број на дезинфекциони средства. Ходниците, скалите, подот во училниците и останатиот училиштен простор се чистеле повеќе пати во текот на денот. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци. Во училиштето има корпи за отпадоци. Сите вработени редовно вршат санитарни и систематски прегледи.

Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката на иницијатива на класниот раководител или предметниот наставник, во соработка со родителите и другите релевантни институции.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето обезбедува информации на учениците за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување. Помош при избор за идно занимање учениците добиваат преку „Кариерните советувања“ од кариерни советници од државните и приватните високообразовни установи кои во текот на второто полугодие на учебната година на учениците од завршната година им одржуваат информативни презентации. Учениците добиваат темелни информации за струките и условите за уписите на факултет со непосредна директна презентација на заинтересираните факултети и преку интернет. Психологот на училиштето спроведува анкета за професионално ориентирање.

Понатамошното образование на учениците совесно се спроведува на крајот од април за учениците од 4 година. Училиштето, локалната самоуправа, општеството во целина, потребно е многу порано да реагира, помага, насочува, настојува, за да се добие одговорот на предиспозициите, желбите и можностите на секој ученик.

Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците со емоционални проблеми. За спроведување на процедурите е одговорна стручната служба.

### 4.4.Следење на напредокот

Евиденцијата за редовноста на учениците, поведението, постигањата и нивниот развој го вршат класните раководители и предметните наставници во соработка со стручната служба во училиштето. Уредно, навремено се изготвуваат полугодишните и годишните извештаи за работа

на училиштето и истите им се достапни на сите заинтересирани страни, на нивно барање. Запознавањето редовноста, поведението и постигањата на учениците се врши преку родителски средби, свидетелства, евидентни листови, е-дневник, прегледи за учество во слободните активности на учениците, регистар за учество и посета на учениците на разни натпревари, изложби, конкурси и други манифестации. Наставниците редовно го следат и бележат напредувањето на учениците при што се води сметка за нивните индивидуални способности.

# 5. Училишна клима

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето.

Во училштето владее позитивна клима на професионална соработка. Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето помеѓу вработените се на добро ниво, а наставниот кадар со континуирани активности ја одржува позитивната атмосфера во училиштето.

Односите помеѓу настваниците и раководниот орган се добри, но потребно е подобрување на односите кај помал број од вработените наставници. Вработените со својата работа и однесување придонесуваат за афирмација на училиштето во општината и пошироко.Помал број наставници недоволно ја познаваат визијата и мисијата на училиштето. За правата и одговорностите на ученикот и наставникот, училиштето има изготвено куќен ред на училиштето кој е истакнат во ходникот и во училниците. Одржувањето на училишните згради и здрава средина за учење, како и уреден и еколошки училишен двор како и еко стандарди во значителна мера се исполнети. Со кодексот се поставени принципите и правилата на однесување на учениците и наставниците како и сите вработени во училиштето. Во изготвувањето на кодексот на однесување учествувале сите структури во училиштето, претставници од членовите на сите класни заедници како и родителите. При неговото усвојување е спроведена демократска процедура. Кодексот е поставен на влезот од училиштето, но го има и во наставничка канцеларија и во секоја училница.

Училиштето има пишана процедура за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и другите акти и таквите процедури ги спроведува во практика советување на учениците, родителите и дисциплинска постапка за наставникот.

Училиштето води политика на взаемно почитување и разбирање на сите инволвирани страни во воспитно-образовниот процес. Раководниот орган и најголем број наставници уживаат почит кај учениците и родителите и придонесуваат за афирмација на училиштето. Учениците се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Поголем дел од наставниот кадар ужива почит кај родителите, а мал дел треба да ја интезивираат комуникацијата и соработката со родителите. Во училиштето недоволни се настојувањата за изнаоѓање на нови форми на соработка со родителите и нивно вклучување во училишниот живот.

Дисциплината на учениците во училиштето е добра и има тренд на подобрување. Дежурствата на наставниците за време на одморите не се спроведува на влезот на училишната зграда и забележливо е масовно пушење на цигари пред самиот влез на училишната врата. Редовноста на вработените ја контрполира директорот на училиштето и превзема мерки. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Стручната служба, редовно и навремено ги изготвува, а потоа на Наставнички совет ги презентира извештаите и анализите за поведението на учениците на ниво на училиште во кои е јасно издвоен и бројот на ученици според поведението. Училиштето систематски ја следи редовноста и отсуствувањето на учениците по паралелки, наставен предмет и пол, ги анализира причините за отсуствата од наставата оправдано и неоправдано и превзема конкретни активности, советување на родителите и учениците. Вработените во најголем дел се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста. Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Училиштето има формирано ученичка заедница. Партиципацијата на учениците во целокупниот живот во училиштето делумно задоволува. Учениците разговараат за нивните потреби и проблеми, но само на ниво на претставници на ученичката заедница. Состаноци на ниво на класови не се одржуваат. Повратна информација од претставниците на класовите и дебата за потребите и проблемите на ниво на паралелки не се практикува. Учествуваат во организирање на хуманитарни акции, учествуваат во организација на активности за патрониот празник на училиштето, одбележување на значајни датуми и настани и други активности.

## 5.2. Промовирање на постигањата

Училиштето и наставниот кадар им овозможуваат на учениците да учествуваат на натпревари на општинско, регионално и државно ниво.

Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето, на завршната приредба односно патрониот празник на училиштето (19.04.) и преку Facebook и Web страната на училиштето.

Училиштетео има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина. Учениците имаат можности да ги изразат своите креативни способности во наставата, преку учество во секции и во вонннаставните активности. Училиштето прогласува ученик на генерацијата.

Во училиштето се води грижа за промовирање на постигањата на учениците во рамките на училиштето и во локална средина. Промовирањето се врши преку учество на разни културни манифестаци кои се организирани од училиштето на патрониот празник на училиштето, преку локалните медиуми, брошури кои ги изработува училиштето, презентации, флаери и друго. Учениците имаат можност да ги изразат своите креативни потенцијали и способности преку учество во разни секции од областа на слободните активности, учество на натпревари (училишни, регионални, државни). Личните трудови на учениците помалку се истакнати во ходниците на училиштето, а повеќе во училниците и кабинетите

Училиштето ги поттикнува учениците и наставниот кадар да учествуваат на натпревари. Училиштето има договорен систем за наградување на ученици кои постигнале успех и за наставниците кои го помогнале тоа во сите области. Наставниците се доволно мотивирани да земаат учество со своите ученици на разни наградни конкурси, натпреварувања од општински, регионални и републички карактер.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Училиштето добро води политика на позитивно вреднување и промовирање на родова, етничка, културна, верска и јазична разновидност меѓу учениците во и надвор од училиштето. Училиштето е вклучено во Проектот за мултиетничко образование. Партнер училиште е СУГС„Арсениј Јовков“ Скопје. Имаат заеднички активности од областа на мултикултурата, човекови права, права на детето, подигање на еколошката свест и заштита на животната средина. Учениците во редовната настава се учат да ја почитуваат културата и традицијата на другите етнички заедници.

Во наставните и вонннаставните активности на учениците, се води сметка за почитување и негување на културата и традиција на другите етнички заедници, кои живеат во Република Македонија. Училиштето недоволно ги запознава родителите со правата на децата и изостанува соработката од значителен број на родители. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и да ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. Поголем број од вработените подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, социјалната положба и националната и конфесионалната припадност. Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со прашања поврзани со дискриминација на глобално ниво. При јавните настапи на училиштето по разни поводи, се води доволно сметка за правичната застапеност. Не сите деца секогаш подеднакво се вклучени во вонннаставните активности и слободните ученички активности. Во училиштето нема регистрирано случај на дискриминација од страна на наставниците и другите вработени.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Училиштето превзема активности за вклучување на родителите во воспитно-образовната работа на сите нивоа, но и покрај тоа, родителите во работата на училиштето се вклучени главно преку формалните органи, родителски средби, училишен одбор, а помалку преку советот на родители.

Советот на родители како една од битните форми на соработка помеѓу училиштето и родителите, во мала мера работи на ниво на паралелка, а на ниво на училиште ретко одржува состаноци. Во текот на учебната 2023/24 година имаат реализирано многу малку состаноци. Советот на родители има деловник за работа. Недостасува иницијатива од страна на училиштето за организирање на едукативни состаноци или работилници за работа со родители, за нивно поуспешно вклопување во животот и работа на училиштето. Мерките што ги превзема училиштето не се ефективни за решавање на состојбите. Комуникацијата со поголем дел на родителите со училиштето се сведува главно на две организирани родителски средби во полугодие. На сотаноците најчесто не присуствуваат родителите на послабите ученици, како и родителите на ученици од други општини. Помал број на родители самоиницијативно доаѓаат во училиштето и се интересираат за своите ученици и работата на училиштето. Во такви случаи родителите се добро прифатени од страна на наставниот кадар.

Сорабтката со локалната заедница и локалната самоуправа е добра, а се состои во одбележувањето на одредени настани, и реализирање на одредени проекти спроведени од страна на општината како и реализирање на инфраструктурни зафати во училиштето. Континуирано соработува со МОН, БРО, ЦСОО, ДИЦ и ДПИ и преку оваа соработка училиштето ги следи новините во наставните планови и програми и други прашања кои се од значење за образованието.

Соработката со деловната заедница главно е сведена на барање на помош, мали донации од локални бизнисмени кои донираат средства за училиштето, организирање и потпишување на договори за реализирање на практичната настава и феријалната практика по поедини струки и занимања. Подобрувањето на соработката со деловната заедница е една од приоритетните цели на училиштето. Соработка со Центарот за социјална работа, МВР, Црвен крст и други организации е на високо ниво.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

Средното општинското училиште „Јосиф Јосифовски“-Гевгелија се наоѓа во централното градско подрачје на градот Гевгелија и претставува институција од воспитно-образовен карактер со задолжително средно гимназиско и стручно образование. Воспитно-образовната дејност се реализира во пространа училишна зграда во која наставата се изведува од прва до четврта година во една смена .

Училишниот простор ги исполнува условите за работа за учениците, наставниците и другите вработени. Според условите за работа и просторните услови СОУ„Јосиф Јосифовски“-Гевгелија обезбедува обезбедува прифаќање на учениците од општина Гевгелија и соседните општини. Училишната зграда располага со вкупна површина од 3157 м2 и се состои од стар дел изграден во 1958 година , кој е реконструиран во 1991 година и нов дел изграден во 2019 година. Располага со 47 училници, 9 кабинети ( физика, хемија, геофрафија, германски јазик, ликовна уметност, два кабинети по информатика, кабинет за здравствена струка како и кабинет по биологија), 2 работилници, комплетно уредена угостителска со кујна во која се изведуваа практичната настава од угостителсјката струка, 5 административни простории, библиотека, медијатека, просторија за техничкиот персонал, помошни простории, магацински простор, котлара. Училиштето располага со отворен спортски терен со вкупна површина од 1367м2 за одржување на настава по Спорт и спортски активности и спортска сала со поврашина од 505 м2, помошна посторија за спортски реквизити, соблекувални и посебни санитарни јазли за наставници и ученици сместени во училишната зграда. На влезот од училишната зграда поставена е пристапна рампа за ученици со телесни пречки во развојот, но училиштето нема приспособени тоалети за учениците со телесен ивалидитет.

Училиштето и спорскиот терен се целосно оградени, а дворот е хортикултурно уреден со големи зелени површини, патеки и со вкупна површина од 2377 м2.

Во текот на последните три учебни година во училиштето се извршило поставување на звучна изолација во 21 училиница во западното крило на училиштето, направено е комплетно доопремување на кабинетот по послужување, доопремена е угостителската сала со мебел ( столици, троседи, табуретки, фотелји, маси, завеси, тенисони, поставен е шанк, биро и плакари), доопремен е кабинетот по готварство со електрични уреди, инвентар, поставен е соларен ситем за топла вода, набавени се униформи за учениците од профилите: келнери и готвачи, заменет е стариот канцелариски мебел од административната канцеларија, набавени се нови плакари за архивирање и полици.

Хигиената во училиштето, кабинетите, училниците и ходниците е добра, освен во ходниците кон спортстата сала каде хигиената делумно задоволува. Санитарните јазли се во доволен број според бројот на ученици, прописно поделени на машки и женски..Затоплувањето на училиштето е со котел за парно греење на дизел гориво.

Училиштето располага со 28 видео камери поставени низ училиштето и надвор, а со тоа е покриен најголем дел на училшниот објект и надворешните површини на училиштето.

Во училштето поставени се 25 противпожарни апарати и 16 хидранти и и истите редовно се одржувааат и сервисираат.

Училиштето има план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и вонnаставните активности.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни средства и други технички помагала задоволува и истата има тенденција на подобрување со континуираната набавка на годишно ниво во зависност од можностите на училиштето. Во рамки на можностите се набавуваат и одржуваат наставните помагала, реквизите, средства и сето она што е потребно за реализација на практичната настава од здравствената струка, машинската струка, угостителско-туристичката струка и економско-трговската струка. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање, истите од страна на наставниците се користат во наставата. Организирањето и

реализирање на наставен час кај делод наставниците е со користење на ИКТ опрема. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.

Училиштето пред почетокот на учебната година истакнува список на учебници, по донесената одлука од страна на наставниците за тоа по кој учебник ќе се изведува наставата.

Училиштето е обезбедно со ИКТ опрема во кабинетите и училниците. На располагање се 11 принтери; 7 ЛЦД телевизори; 50 ЛЦД проектори; 5 смарт табли; 40 комјутери распоредени кабинетите по информатика, по машинска струка и економско-правна струка. На наставничкиот кадар како од теоретска настава и практична им се доделени 80 лап топи како и персонални компјутери во секоја училница и кабинет за олеснување на планирањата и реализација на наставата, микроскопи, касетофони, спортски реквизити и други нагледни средства за успешна реализирација на наставата.

Училишната библиотека располага со вкупен фонд од 14142 книги од кои поголем дел се лектирни изданија за учениците од прва до четврта година 4633; стручна литература со вкупен број од 174 книги од повеќе области: медицина 54, економија 39, угостителство и туризам 14, спорт 9, машинство 12, информатика 16, хемија 7, физика 12, биологија 11 ; 2230 научно едукативни изданија (историски, филозофски, психолошки, прирачници по предмети, правопис, граматика, зборници, синтакса, енциклопедии) 185 книги белетристичка литература, книги од Министерството за образование, литература по жанрови: детска литература, историски романи, книги- добитници на Нобелова награда. Вкупниот број на наслови на книги е 6920. Библиотечниот простор е уреден , поврзан со училишна медијатека. Во библиотеката работи стручен соработник библиотекар. Програмата за работа на библиотеката е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечната евиденција се води во печатена и во електронска форма. Библиотеката има истакнато работно време од 08:00-14:00 часот. Училиштето има потреба од набавка на поголем број книги на стручна литература. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија и речници, училиштето врши набавки во рамките на своите можности.

Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и вонаставните активности. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши согласно планот на училиштето и во доволни количини.

Училиштето нема регистрирана реална или виртуелна компанија.

## 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар

Училиштето има вработено наставници и стручни соработници за реализирање на воспитно-образовниот процес согласно Закон и норматив за наставен кадар. Раководниот орган и најголем број од наставниците се обучени за реализација на активности за меѓуетничка интеграција, антикорупција, екологија и постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичната обука за нововработените наставници. Наставниот процес во училиштето го реализираат вкупно 69 наставници и тројца стручни соработници ( психолог, педагог и библиотекар). Од вкупниот број на наставници 59 наставника се со високо образование од кои 1 е несоодветен , 2 наставници се со вишо образование, 5 се магистри, 2 се доктори на наука. Дел од наставниците не се обучени за работа со деца со посебни образовни потреби. Од наставниот кадар 59 наставника се вработени на неопределено време, 10 наставника се вработени на определено работно време, од кои 5 наставника се наставнци приправници.Според полот 44 се жени, 25 се мажи, а според етничката припадност 58 наставници се македонци, а еден наставник е црногорец.Тројца наставници од СОУ„Јосиф Јосифовски“ дополнуваат часови во други училишта, во општината, а нема наставник од друго училиште кој дополнува во СОУ„Јосиф Јосифовски“ Гевгелија. Наставниот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и вонаставните активности. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Со наставниците приправници работат ментори согласно изготвена програма за работа на наставник приправник. Во случаи на отсуство на наставниот кадар, училиштето превзема активности за соодветна замена со цел за целосно остварување на годишниот фонд на часови.

Наставниците поседуваат квалификации и искуства стекнати низ процесот на нивно стручно оспособување. Поголем дел од наставниците придонесуваат за работата на училиштето и успешно

работат како тим во рамките на стручните активи за исполнување на целите на наставата. При ангажирање на наставничкиот кадар се зема предвид соодветната квалификација согласно нормативот Во воспитно-образовниот процес во училиштето нема вклучено образовни асистенти за ученици со посебни образовни потреби.

Работата на наставниот кадар соодветно е поддржана од страна на стручната служба, директорот и административно-техничкиот персонал. Педагошко-стручната служба им помага на наставниците во реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и советодавно работат со учениците, родителите и наставниците. За учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби стручната служба има план за следење и работа со учениците. Педагогот и психологот редовно присуствуват на состаноците со родителите и на отворен ден за родители на ниво на цело училиште. Секогаш се отворени за соработка. Помошта и подршката за работа со деца со посебно образовни потреби е добра.

Голем дел од вработените го почитуваат работното време, додека мал дел не се придржуваат кон редовноста во однос на работното време. Редовноста и извршувањето на работните задачи се контролира од страна на раководниот орган. Во случај на отсуство на некој наставник се наоѓа соодветна замена.

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Идентификувањето на развојните потреби на наставниците се врши преку самоизјаснување на наставниците според своите потреби на ниво на стручни активи и делумно преку стручната служба. Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој имајќи ги во предвид професионалните компетенции за наставници. Во училиштето има Програма за професионален развој на наставниците, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година.

Личен план за професионален развој имаат изработено голем број од наставниците и голем број од планираните активности се во согласност со планирани обуки одобрени од Министерството за образование и наука. Училиштето на основа на личните планови на наставниците и изготвува програма за професионален развој. Стручната служба редовно ги следи наставниците, нивните обуки, семинари и други форми на стручно усовршување и професионален развој. Добро е водењето и ажурирањето на портфолијата за професионален развој на наставниците.

Наставниците учествуваат на обуките организирани од страна на Биро за развој на образованието и други обуки и семинари одобрени од МОН. Дел од наставниците, покрај предвидените обуки за професионален развој понудени од страна на БРО, посетуваат и други обуки и тоа најчесто он-лајн и не скогаш се реализираат десиминации од посетените обуки. Училиштето води грижа за подеднакво вклучување на наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, Изборот на наставници кои учествуваат на овие обуки е транспарентен и правичен. Училиштето има внатрешни механизми за оддавање признанија на наставници кои внесуваат ефективни иновации во наставата.

### 6.5. Финансиско работење во училиштето

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските прописи и истите целосно се искористуваат наменски за подобрување на одредени активности во училиштето. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има донесено пишан документ-Финансиски план за 2023 г. бр. 09-2658/1 од 27.12.2022 година за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење на училиштето, а на крај на годината финансов Извештај и Завршна сметка за 2022 година со бр. 01-190/1 од 22.02.2023 година. Сите овие документи се донесени од Училишниот одбор и одобрени од основачот. Училиштето работи со две сметки: буџетска -903 и сопствена-787 сметка. Вработените со финансиските активности на училиштето се запознаени на состаноците на Наставнички совет.

Училиштето има донесено План за јавни набавки со архивски број 02-45/1 од 20.01.2023 година, има формирано Комисија за јавни набавки и обучено лице за спроведување на јавни набавки со електронски аукции.

Училиштето добива финансиски средства од буџетот на Република Северна Македонија и основачот и редовно ги известува за приходите и расходите и наменското трошење на средствата. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето, предвидувајќи и финансиски средства за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, како и средства за реализација на активностите предвидени во програмата на ученичката заедница. За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и се предлагаат на усвојување до Совет на општината. Буџетот се користи наменски за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, безбедни и пријатни услови за работа и престој во училиштето, подобрување на постигањата на учениците како и развој на училиштето во целина. Финансиското работење во училиштето е добро.

# 7. Управување и раководење со училиштето

## 7.1. Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски и презема доволно конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Членовите на Училишниот одбор за состаноците се повикуваат по писмен пат и телефонски, а составен дел на поканите се записникот од претходната седница и материјали за работа. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и со другите структури во и вон училиштето. За членовите на Училишниот одбор немало обука за улогата која ја имаат.

Училишниот одбор има Деловник за работа 02-1105/1 од 13.10.2008 година, во кој е пропишан начинот на работење, повикувањето на состаноци, присуството на членовите на одборот и други обврски. Годишна програма за работа за учебната 2023/24 година со конкретни цели за реализација.

Директорот на училиштето има јасна визија за тоа што се треба да се преземе и кои се приоритетите за побрзо напредување на целокупниот воспитно-образовен процес и за постигање на поголеми резултати. Вклучен е во сите активности за организација и следење на настава, изработка и реализација на проекти, соработка со институции, изработување на документи и дописи со институции. Директорот на училиштето ги идентификува слабите страни во работата на училиштето и презема активности за нивно надминување. Создава позитивна клима, а вработените немаат забелешки на раководењето со училиштето.

Во Програмата за развој 2020-2024 на училиштето и во Годишната програма за работа јасно се зацртани визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години.

Во своето работење директорот се потпира на тимската работа, формирајќи повеќе тимови за разни подрачја од работењето, како што се тимови за: Самоевалуација, изготвување на Програма за развој на училиштето итн.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е добра.

Годишната програма за работа на училиштето е усвоена од Советот на општина Гевгелија.

Директорот на училиштето е именуван за ВД. директор со Решение од Градоначалник на Општина Гевгелија.

Директорот на училиштето има изготвено Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Директорот ја организира и следи реализацијата на наставата и водењето на педагошката евиденција на наставниците во соработка со стручната служба.

Учествува во работата на Наставнички Совет, соработува со родители, Градоначалникот како и со деловната заедница.

## 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Училиштето своите цели ги дефинира во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.

Локалната образовна политика се спроведува преку активности за соработка со родителите, опфат и следење на редовност на учениците и вклучување во локални манифестации и настани.

Државните политики во училиштето се спроведуваат преку реализација на наставните планови и програми, дополнителна и додатна настава, слободни ученички и воннаставни активности. Во училиштето се реализираат и насоките од Министерството за образование и наука за заеднички активности на наставниците, родителите и учениците.

Проекти кои се реализираат во училиштето се интеграција на еколошкото образование во образовниот систем, како и обуките и семинарите на наставниците организирани од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образование, како и „Меѓуетничка интеграција во образованието“.

Во креирањето на целите и стратегиите се вклучени сите органи, со што се обезбедува планирањето и реализацијата на поставените цели.

Училиштето ги подобрува политиките во училиштето за меѓуетничка интеграција, намалување на насилството во училиштата, намалување на семејното насилство, заштита од дискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност итн.

Во креирањето на училишните образовни политики вклучени се и родителите преку формалните тела. Родителите на учениците кои се вклучени во Совет на родители, покажуваат постојана заинтересираност, иницијативност и кооперативност.

# 8. Наоди и препораки

## 8.1. Јаки страни

- Стимулирачка средина за учење.
- Добра училишна клима и добра соработка на директорот со наставниот кадар стручната служба, административниот кадар, родителите и ученици.
- Добро финансиското работење на училиштето.
- Убаво уреден партерно и хортикултурен училишен двор.
- Училиштето добро ја следи редовноста на учениците и располага со податоци за бројот на оправдани и неоправдани изостаноци.
- Јасно зацртани стратегии и планови во Програмата за развој на училиштето.
- Добра соработка со локалната самоуправа.
- Доброто ниво на комплетната инфраструктура на училиштето која во континуитет се надоградува, осовременува.
- Училиштето е безбеден простор за изведување на настава.

## 8.2. Слаби страни

- Малку се применува формативното и сумативното оценување на учениците.
- Недоволна работа на Советот на родители на ниво на паралелка и училиште.
- Мала застапеност на секции во училиштето.
- Малку се користат иновативни форми, методи и техники на настава во процесот на учење.
- Кај одредени предмети при изведувањето на практичната настава во фирмите, не секогаш е присутен наставник.
- Зголемен број на ученици со намалено поведение.
- Училиштето не располага со санитарен јазол за ученици со физичка попреченост.

## 8.3. Препораки

- Да се обучат наставниците за формативно и сумативно оценување на постигањата на учениците.
- Поголема вклученост на членовите на Советот на родители во целокуното работење на училиштето на ниво на паралелка и ниво на училиште.
- Формирање на нови секции спрема потребите на учениците.
- Поголема ангажираност на наставниците за примена на иновативни техники на учење во наставата.
- Да се зголеми контролата од наставниците при реализацијата на практичната настава.
- Да се превземат мерки за подобрување на поведението кај учениците.
- Да се обезбедат услови во санитарните јазли за ученици со физичка попреченост.

Раководител на тим: Ѓорги Митров, Државен просветен инспектор _______________

Член на тим: Драган Бојмалиев , Државен просветен инспектор ______________________

Член на тим: Ѓорги Здравев, Државен просветен инспектор______________________